РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 14-568/12
08. 07 20 22 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Записник од 46 -та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Агенција за електронски комуникации | | |
| **Датум** | 27.05.2022 година | **Време** | 14.30 – 16.00 часот |
| **Бр. на седница** | 46-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и Јетон Акику, директор на Агенцијата за електронски комуникации | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов и Мишко Талески (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 21.04.2022 година ;
2. Усвојување на измените на Методологијата за утврдување на Индексот на дигитална економија и општество DESI – Digital Economy and Society Index ;
3. Разно

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 46-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни шест членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите членови. На седницата присуствуваа министерот за информатичко општество и администрација, Адмирим Алити и директорот на Агенцијата за електронски комуникации, Јетон Акику.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК го усвоија записникот од 45-та седница, одржана на 21.04.2022 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, претседателот на телото, Димитар Буковалов, отвори дискусија по однос на измените на Методологијата за утврдување на Индексот на дигитална економија и општество DESI – Digital Economy and Society Index.

Буковалов ги запозна министерот Алити и директорот Акику со работата и досега преземените активности на НКБК на планот на бродбендот. Министерот Алити од своја страна напомена дека Националната канцеларија за бродбенд компетентност е клучниот фактор во државата за спроведување на активностите во областа на бродбендот. Оттука, во наредниот период се очекуваат забрзани активности за развој за широкопојасниот интернет во земјата. Министерот напомена дека во владина процедура е и Информацијата за подготовка на Студијата за изводливост за изградба на Националната транспортна оптичка мрежа, согласно НОБП.

Членовите на НКБК, Славица Настеска и Зоран Дервишов направија кратка презентација на измените на Методологијата за утврдување на Индексот на дигитална економија и општество DESI. Тие појаснија дека измените се усогласени со методологијата на Европската комисија за DESI 2021, а по нејзиното усвојување НКБК ќе препорача усогласување на актите на Агенцијата за електронски комуникации, според кои операторите на јавните комуникациски мрежи ѝ ги доставуваат податоците

за индикаторите што се содржани во димензијата „Поврзливост“ од DESI 2021.

По завршувањето на дискусијата, Буковалов го стави на гласање документот, кој едногласно беше усвоен од членовите на НКБК.

**Заклучок:** Измените на Методологијата за утврдување на Индексот на дигитална економија и општество DESI, ќе бидат доставени до министерот за информатичко општество и администрација, Адмирим Алити и до Агенцијата за електронски комуникации.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно“, не се отвори дискусија .

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** __________________